


**Копнеж по Македонија**

**Интервју со Фросина Пармаковска:**

**Создавам ликови кои публиката не ги осудува**



# Македонски глас

Година XXIV 2017.

ЈУЛИ – АВГУСТ
SRPANJ – KOLOVOZ

ISSN 1333-7769

БРОЈ
108

## Времињата се менуваат, идеалите остануваат





**Единаесет години на Шолта се учи македонски**



**Запознај ја Македонија, за да ја сакаш повеќе**



# PROCULIN® TEARS

## ADVANCE
### BEZ KONZERVANSA

**medicinski proizvod**

Kapi za oči PROCULIN® TEARS ADVANCE koriste se za osvježavanje umornih očiju, vlaženje suhih očiju te ublažavanje osjećaja nadraženosti oka ili sluznice oka uslijed:

- *UTJECAJA VANJSKIH ČIMBENIKA*
  *BORAVAK U KLIMATIZIRANOM PROSTORU, PREKOMJERNO IZLAGANJE SUNČEVIM ZRAKAMA, VJETAR, DIM, ONEČIŠĆENJE ZRAKA;*
- *SUHOĆE OKA*
  *ZBOG PREKOMJERNOG UMORA UZROKOVANOG RADOM ZA RAČUNALOM TIJEKOM DUŽEG VREMENSKOG RAZDOBLJA ILI SINDROMA SUHOG OKA;*
- *OPERACIJE OKA;*
- *NOŠENJA KONTAKTNIH LEĆA DUŽI VREMENSKI PERIOD TIJEKOM DANA.*

Pogodne za korisnike kontaktnih leća i mogu se koristiti bez prethodnog vađenja leća iz očiju.

Sadržaj bočice može se koristiti 6 mjeseci od otvaranja.
Sterilna otopina u višedoznoj bočici od 10 ml.

Ukapati 1-2 kapi u svako oko, prema potrebi.

ALKALOID
*Health above all*

**POGODNE ZA KORIŠTENJE UZ KONTAKTNE LEĆE**



# KAPI ZA OČI BEZ KONZERVANSA

**KAPI ZA OČI NA BAZI 0,4% NATRIJEVOG HIJALURONATA I VODENIH DESTILATA**




OGL-338-01-09-2017-HR

**Prije uporabe pažljivo pročitati uputu**

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ

СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

# ЕХО НА ВРЕМЕТО

## Агол на уредникот
## Urednikov kutak



Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Превод и лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Тинка Барбутов Крстева
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Гордана Квајо – Риека
Елена Кипровска Кнежиќ – Задар
Биљана Митревски – Сплит
Михаела Златеска – Пула

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804
Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr
zmurh.hr@gmail.com

За издавачот: Илија Христодулов
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

# Докажување и самодокажување

Дека Илинден 1903 година станал симбол на македонското опстојување, кој го одбележуваме секоја година е неспорно. Дека судбината на македонскиот народ е врзана за овој голем историски датум е исто така неспорно, како што е неспорно и тоа што Илинденското востание стана симбол и парадигма на непокорот и составен дел од народната колективна свест создавана низ долг период на борба за слобода. Мотивацијата кај граѓаните за сопствена држава „воскресна“ низ уште еден 2 август, но во 1944 година (АСНОМ), кога се поставени темелите на денешната Република Македонија.

И потоа следува период на докажување, но исто така и на самодокажување. И сега докажуваме дека имаме сопствена држава која се вика така како што се вика за нас, но поинаку за некои други. Докажуваме дека сме тие кои сме, но за некои не сме тие што всушност сме. И докажуваме, докажуваме... Докажавме и на меѓународен суд дека нашата држава е РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, а ние сме МАКЕДОНЦИ.

Но, цабе. Сè уште сме блокирани од нашиот јужен сосед. Не сме во НАТО, не сме во ЕУ. И уште кој знае колку нема да бидеме. Живееме живот во неизвеснот, но секако со докажување и самодокажување.

И како што постојано повторува вториот претседател на Република Хрватска, Стјепан Месиќ, кога е во прашање наметнатиот проблем со името, „Македонија не може да се вика поинаку отколку Македонија, Македонците не можат да бидат ништо друго освен Македонци, а нивниот јазик не може да биде друг – освен македонскиот“.

А ние и натаму ќе докажуваме, и докажуваме...

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)

# „Преиспитување на миграциите, економскиот развој и солидарноста во Европа“

*Поранешниот хрватски претседател, проф. д-р Иво Јосиповиќ во мај беше во тродневна посета на Република Македонија, каде зеде учество на меѓународната конференција за европска интеграција на тема „Преиспитување на миграциите, економскиот развој и солидарноста во Европа“*




Организатор на конференцијата што се одржа по 12. пат беше Универзитетот Американ колеџ Скопје, а покрај учесниците од Македонија и Хрватска, свои излагања имаа и гости од Велика Британија, САД, Шпанија и Црна Гора.

На отворањето на меѓународната конференција присуствуваа видни професори, дипломати, амбасадори и претставници од државните институции. Проф. д-р Јосиповиќ, како специјален говорник, го истакна хрватското искуство од членството во Унијата, како и што тоа значи за целиот регион, перспективите и очекувањата во наредниот период.

На конференцијата стана збор и за мултикултурализмот како еден од темелните вредности на европското здружување, како и за тоа каква иднина ја очекува ЕУ по излегувањето на Велика Британија од Унијата. Се дискутираше и за безбедносните закани, нивното влијание врз земјите-членки, институциите и врз основните нејзини вредности.

Во рамките на дискусиите се постави и прашањето за политиката на проширување на Европската унија со земјите од западен Балкан. Посебен акцент беше ставен на минатогодишните случувања поврзани со мигрантската криза и положбата на Македонија.

Собирот, како што оценија организаторите, претставуваше одлична можност за размена на идеи меѓу еминентни домашни и странски научници, како и помеѓу учесниците и медиумите, меѓу кои беше и „Македонски глас“.

Проф. д-р Јосиповиќ одржа и предавање на Универзитетот за Југоисточна Европа во Тетово на тема „Политика и музика“.

Посетата на поранешниот хрватски претседател Иво Јосиповиќ на Македонија се реализираше во соработка со граѓанското здружение „Хрватско-македонска тангента“, чиј почесен член е и Јосиповиќ.

По враќањето во Хрватска на својот Фејсбук профил проф. д-р Јосиповиќ ги изрази своите импресии од посетата во Македонија, а меѓу другото напиша:

– Во Македонија поминав неколку преубави дена. Одржав предавања за студенти и наставници на два приватни универзитети во Скопје и Тетово... Уживав во прекрасната народна музика и фантастичната македонска кујна, особено во познатиот ајвар. Сепак, најубави беа срдечноста и отвореноста на добрите луѓе со кои се дружев.

Милена Георгиевска

RESTORAN - CAFFE BAR - 01 4840 954

MAKEDONSKI MERAK

Em merak - em užitak



SRIJEDOM I ČETVRTKOM TAMBURAŠI – GRUPA „TO JE TO“ • PETKOM I SUBOTOM – GRUPA „MAKEDONSKA DUŠA“

Na adresi Ilica 298, Zagreb, naselje Kustošija, odmah pored Name, dođite da osjetite dašak zemlje sunca gdje se spajaju okusi Balkana, Orijenta i Mediterana!

Organiziramo svake vrste obiteljske proslave te poslovne susrete. Veselimo se vašem dolasku!

# Почесни награди за Аки и Микела

*Во Истарскиот народен театар каде Град Пула го прослави својот роденден и 72-годишнината од своето ослободување, беа доделени високите признанија „Почесен граѓанин“ и „Грб на Град Пула“ пред голем број гости, претставници на културните друштва и заедници на националните малцинства, како и на верските заедници*



Титулата почесен граѓанин на Град Пула му беше доделена на Аки Ракимовски за „повеќегодишен придонес во организацијата на Ѓосеровиот меморијал во хуманитарна цел за Лигата против рак на Град Пула“, за која има направено хумани дела за граѓаните на Пула. Грбот на Град Пула го доби Микела Ристоски за „големите спортски резултати на параолимписките игри во Рио де Женеиро 2016 год., каде освои златен медал во атлетика со рекордниот скок во далечина од 5,79 метри.

Признанијата беа доделени пред голем број гости, претставници на културните друштва и заедници на националните малцинства, како и на верските заедници. Беа присутни и голем број почесни граѓани и претставници на збратимени градови на Пула, меѓу кои и претставници на Град Велес од Р. Македонија, на чело со градоначалникот. Средбата се одржа на 5 мај 2017 год. во Истарскиот народен театар каде Град Пула го прослави својот роденден и 72-годишнината од своето ослободување.

## Срцето на Пула се сите граѓани

Свеченоста со пригоден говор ја отвори претседателот на Собранието на Град Пула, Роберт Цвек, кој меѓу останатото рече дека срцето на Пула се сите граѓани од сите нации и вери. Следеше поздравот на градоначалникот на Пула, Борис Милетиќ, кој рече дека Истра и Пула и денес се простор каде преовладува разумот и толеранцијата и им се заблагодари на сите кои ги збогатуваат вредностите на овој град. Истарскиот жупан, Валтер Флего, ги поздрави присутните и им го честита Денот на Пула со мудрата изрека „ако имаш цел, ќе најдеш и пат до неа“.

Заблагодарувајќи се за признанието, Ракимовски рече дека со самиот прв настап во Пула се вљубил во овој град уште во 1975 год. кога свирел во клубот „Уљаник“, а низ 42 години кариера има стекнато голем број пријатели, меѓу кои и прерано починатиот Ѓосер.

Микела им се заблагодари на сите, а посебно на својот тренер без кого не би биле возможни брилијантните резултати.

И овој пат, како и многу пати досега, се гордееме со успесите на нашата Микела која е член на Македонското културно друштво од Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, а од публиката во салата ѝ аплаудираа и нашите членови со нашиот претседател Тодор Брдарски, како и нејзините најблиски и мајка ѝ Марица која пее во хорот на Друштвото. Користиме прилика во името на сите членови на Друштвото да упатиме честитки како на Микела, така и на нашиот Аки Ракимовски.

Михаела Златеска

# Свеченост по повод Денот на независноста на Македонија

*Свечено и достоинствено беше одбележан Денот на независноста на Република Македонија во Загреб, а приемот што го организираше Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска се одржа на 12 септември во палатата Дверце*



По исполнувањето на хрватската и македонската химна на шансониерката Костадинка Велковска и младиот македонски пејач Давид Темелков, вршителот на должноста при Амбасадата, Мачеј Качоровски, со пригоден говор ги поздрави потпретседателот на Хрватскиот сабор, Жељко Раинер, градоначалникот на Град Загреб, Милан Бандиќ, претставниците на Кабинетот на претседателката Колинда Грабар-Китаровиќ и на Владата на Р. Хрватска, саборските пратеници, претставниците на хрватските министерства, на странските амбасади, на македонските здруженија и совети и останатите гости, колеги и пријатели.

- Во последните 26 години Р. Македонија помина низ многу турбулентни периоди на градење на својата основна институционална и демократска инфраструктура, надминување на несовпаѓањата на етничка основа, борба за меѓународна афирмација, како и сериозни политички кризи и економски предизвици. Сепак, последните три месеци по формирањето на новата македонска влада даваат надеж дека долготрајната криза конечно ќе заврши и дека решението за проблемите е близу. Една од првите мерки е воведувањето на т.н. План 3-6-9, амбициозен, но реален пакет мерки, како на внатрешно-политички, така и на институционален план, па и во однос на надворешната политика, неопходни за повторно отворање на перспективите на интеграцијата на Р. Македонија во НАТО и ЕУ. Оваа година одбележуваме и 25 години од воспоставувањето дипломатски односи со нашиот близок пријател, Р. Хрватска, која континуирано го поддржува членството на Р. Македонија во НАТО и ЕУ, меѓу другото рече Качоровски во своето обраќање.

На свеченоста беше присутен и Едмонд Адеми, министер без ресор во Владата на Р. Македонија задолжен за дијаспора, кој беше во работна посета на Р. Хрватска. Тој исто така се обрати до присутните и истакна дека соработката и стабилноста секако уште повеќе ќе ги зацврсти хрватско-македонските пријателски врски и односи.

Приемот, кој беше спонзориран од фирмите „Абве“, „Алкалоид“ и „Краш“, винариите „Езимит“, „Тиквеш“, „Бовин“, „Попова Кула“ и „Дудин“, Загрепската и Карловачката пивара и ресторанот „Македонски мерак“, продолжи со коктел и дружење на гостите.

Е. Петровска

# Риечко одбележување на 8. Септември

Советот на македонското национално малцинство во Приморско-горанската жупанија и Советот на македонското национално малцинство за Град Риека во соработка со МКД „Илинден“ го организираа свеченото одбележување на Денот на независноста на РМ – 8 септември.



Церемонијата се одржа на 8 септември, а започна со пеење на хрватската и македонската химна во изведба на свирачите и пејачка група на МКД „Илинден“. Почесниот конзул на Република Македонија во Република Хрватска, проф. д-р Горан Калоѓера им се обрати на присутните со пригоден говор. Исто така и претседателот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, кој воедно е и претседател на МКД „Илинден“, Илија Христодулов, ги поздрави гостите и ја прочита честитката од претседателот Ѓорге Иванов, упатена до сите граѓани на РМ. Официјалниот дел од програмата заврши со песните „Слушам кај шумат шумите“, „Делчев Војвода“ и „Сербез Донка“.

Традиционално, членовите на Друштвото, заедно со своите сограѓани овој голем ден го прославија со македонското оро и песна.

Г. К.

# Сплитска прослава на Денот на независноста



Како и секоја година од осамостојувањето на Република Македонија, и Македонците и Македонките во Сплит го одбележаа Денот на независноста на Република Македонија, 8 септември. Оваа година во организација на Советот на македонското национално малцинство за Град Сплит, во просториите на Мажураниќево шеталиште 8/А се собраа да се потсетат на овој значаен датум од новата македонска историја.

Како и секогаш, воспитно-образовниот дел поврзан со настани од македонската историја му припадна на доаjенот на „македонштината“ во Сплит, а и претседател на Советот на македонското национално малцинство за Град Сплит и почесен претседател на Македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит, Владимир Апостолски. Тој пред сѐ, ја поздрави Марина Протиќ, шефицата на Кабинетот на Град Сплит, која во името на Град Сплит и сплитскиот градоначалник, Андро Крстуловиќ-Опара, присуствуваше на овој настан.

Потоа Апостолски се осврна на значењето на овој празник на сите нас и со посебно задоволство им го честита на присутните припадници на македонското национално малцинство. Потоа следуваше дружење на Македонците и нивните пријатели во пријатна атмосфера.

Б. М.

# Дефинирани датумите за одржување на манифестациите на ЗМРХ

На 15 јуни 2017 година членовите на Управниот одбор на Заедницата на Македонците во РХ ја одржаа својата четврта редовна седница. Седницата ја водеше претседателот Илија Христодулов и по усвоениот дневен ред и записникот од третата седница, се поведе расправа по точките. За полугодишниот финансиски извештај на ЗМРХ за Советот за националните малцинства на РХ, Елизабета Петровска детално по ставки им го објасни на присутните начинот на пополнување на интернет апликацијата за електронско предавање на извештајот. Голема помош при пополнувањето се однапред подготвените прилози и спецификација на индиректни и директни трошоци. Рокот за предавање на извештаите и потврдата е до 31 јули. Потоа членовите го усвоија полугодишниот финансиски извештај на ЗМРХ „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2017. godine“ со прилозите.

Во продолжетокот на седницата, главно се расправаше за програмите „Илинден 1903-2017“ и „Летен камп – училиште по македонски јазик со работилници – Рогач 2017“. Се дефинираа и датумите за одржување на „Денот на ЗМРХ“ во Сплит, за изложбата „Творештво на македонски уметници во



Хрватска“ во Задар, на која ќе бидат изложени дела на академскиот сликар Круниослав Стојановски, за „Деновите на глаголицата“ во Истра и за „Рациновиот ден – Бели мугри“ во Самобор.

Под точката разно, една од изгласаните одлуки беше и одлуката на идниот УО на ЗМРХ да се договори за одржување на Собранијата на друштвата и на ЗМРХ поради усвојување на Финансискиот план на приходи и расходи и поради запазување на роковите за пријава на програмите за 2018 година. На крајот, претседателот Христодулов рече дека е излезена од печат книгата „Македонска култура и цивилизација“ од Горан Калоѓера и подари еден примерок за библиотеката на ЗМРХ.

Е. П.

# Создавам ликови кои публиката не ги осудува



*Фросина Пармаковска, писателка, за „Македонски глас“ зборува за новиот бран во македонската современа книжевност кој се наметна последниве неколку години со одлични романи кои наидоа на огромен успех и кај читателската публика и кај критичарите, за состојбите во издаваштвото, за „конкуренцијата“ односно „пријателите“...*

„Хрватска е прекрасна земја, ме воодушевуваат нејзините убавини. Запознав и многу луѓе, сигурно нешто од тоа ќе го најде местото во некое ново мое дело...“ Ова се дел од разговорите што неколку дена ги водевме со Фросина Пармаковска за време на нејзиниот престој во август во Шибеник. Нејзиното искуство како писателка, инспирацијата за нејзините дела, како и дали може да се живее само од пишување во Македонија се некои од прашањата што ги допревме во нашиот разговор за „Македонски глас“.

Фроснина Пармаковска (32), авторка на три романа „Пишувајќи ги изгубените топки“, „Вишнова хроника“ и „Одбројување“, припаѓа на младата генерација македонски писатели, кои се обидуваат повторно да ја вратат книгата во рацете на читателската публика.

**Некои од Вашите романи влегоа во потесната конкуренција за престижната награда Роман на годината на Утрински весник. На кој начин успевате да се борите со конкуренцијата и да испливате така високо?**

- Не размислувам на тоа, едноставно пишувам без какви било калкулации. Мојата конкуренција е т.н. новиот бран во македонската современа книжевност кој се наметна последниве неколку години со одлични романи кои наидоа на огромен успех и кај читателската публика и кај критичарите. Но, пред да ги наречам носителите на тој бран „конкуренција“, секако би рекла прво „пријатели“ затоа што тоа е една генерација на автори кои секојдневно другаруваме, силно се поддржуваме, се читаме уште пред да бидат ракописите излезени од печат и си даваме искрени критики. Освен тоа, сите пишуваме мошне различно, и стилски и тематски, а тоа според мене е особено добро заради разновидната понуда која стигнува до читателот. Така што, поддршката и заедничката борба наместо ривалство е она што ја одбележува мојата генерација и тоа многу ме радува.

## Пишување, но и нешто друго

**Моето лично искуство со Вашите романи е дека се читаат во еден здив. Тоа го почувствував со романот „Одбројување“ кога ми дојде в раце, не можев да го испуштам сè додека не ја прочитав последната реченица. Што значи дека не е само празна фраза „се чита во еден здив“. Како ја одбравте темата за ова дело?**

- Темата на „Одбројување“ е тема за која не е многу пишувано, а и не се зборува премногу во јавност. Првичната намера ми беше да допрам некои прашања како бракот со болен човек, неверството како последица на тоа, абортусот, и поставувајќи ги истите, да не влезам во некоја црно-бела зона каде работат моралните судови, предрасудите и општествените „пресудувања“, а следствено на тоа ликовите се добри или лоши, искусни или наивни, чесни или нечесни итн. Напротив, ликовите, не само во „Одбројување“, туку и во „Вишнова хроника“ секогаш се движат некаде на самите граници на поимите, постојано вршејќи нивна субверзија и менувајќи се самите себеси низ искуствата што ги стекнуваат и можеби токму затоа, и во нивните најлоши моменти, (од реакциите што ги имам добивано) читателите симпатизираат со нив и последното нешто што им паѓа напамет е да ги осудуваат.

**На Книжевните средби на островот Зларин во мај годинава запознавте колеги од Хрватска и Босна и Херцеговина, каде разменивте мислења за тоа како е да се живее како писател, односно дали може да се живее во денешно време само од пишување? Или важи само она „повеќе слава, одошто пари“.**

- Тешко дека во Македонија (а верувам и во споменатите земји дека ситуацијата е слична) би можело да се живее од пишување. Помладата генерација за која зборувавме погоре – сите ние имаме некоја друга работа покрај пишувањето, во некои случаи, тоа е работа која нема никакви допирни точки со книжевноста. Она што ни го овозможува пишувањето е, секако, непроценливо и неспоредливо со каков било паричен надомест, тоа дава една друга сатисфакција чии ефекти се видливи уште во самиот процес на пишување, па понатаму, постојано присутни во процесите на објавување, доаѓањето до рацете на читателот и, конечно, неговиот фидбек. Но, реалноста

е тука и сите сме свесни дека, иако оваа сатисфакција е, навистина, огромна, сепак, би било далеку подобро доколку истата го вклучи и материјалниот аспект затоа што сите ние сакаме да живееме од она што умееме најдобро да го правиме. Накрај, имајќи го целото тоа време што сега не го посветуваме единствено на пишување, можеби би биле и подобри и попродуктивни писатели.

## Пораката во шише може да остане неоткриена

**Можете ли да ни објасните каква е состојбата со издаваштвото во Македонија?**

- Тоа подобро го знаат издавачите, но она што можам да го забележам како автор е дека и кај нив не е баш сјајно. Повеќето од нив зависат од добивање на грантови, странски или домашни, а тоа влијае директно и на нас, писателите. Ретко кој издавач може да ви го објави вашиот роман доколку не обезбеди некаква поддршка за тоа. На почетокот на оваа година имавме една случка која, буквално, ја шокираше книжевната, па и пошироката јавност кога тогашната министерка за култура ги одби ракописите на цела една група помлади и повозрасни автори на годишниот конкурс за дела од национален интерес, а се работи, првенствено, за афирмирани и потврдени автори како Оливера Ќорвезироска, Петар Андоновски, Живко Грозданоски, Ирена Јорданова и други без некакво издржано објаснување. Што повеќе да се каже? Нашиот издавач, „Или-Или“, доста достоинствено го издржа ваквиот удар, стимулирајќи нè со ветување дека сите ракописи ќе излезат, вака или онака. И мојот, сега веќе, роман „Одбројување“ беше помеѓу одбиените, но за среќа, благодарение на некои добри луѓе, романот излезе на Саемот за книга во април, годинава.

**Очекувате ли работите да тргнат на подобро?**

- Секако! Искрено се надевам дека работите на нашата книжевна сцена ќе тргнат на подобро, но и дека ќе излеземе од рамките на истата. Иако, прашањата кои се однесуваат на превод, особено на некои од пораспространетите светски јазици се исто така мошне проблематични, сепак, јас сум оптимист. Преведените романи, автоматски имаат олеснувања – со интернетот се овозможуваат многу работи како рекламирањето и онлајн продажбата, а тоа ги отвора вратите кон светскиот пазар односно кон читателите насекаде низ светот и самото тоа остава простор за надеж. Можам слободно да кажам дека работите кај нас се веќе тргнати на подобро, а показател за тоа е очигледното враќање на интересот на нашите читатели кон македонските романи и, воопшто, кон македонската литература. Тоа, лично на мене, делува доста охрабрувачки и стимулативно, фидбекот од читателот не е просто мотив плус за пишување туку неопходен услов за тоа – сè останато би било исто како да праќате порака во шише што несреќно потонало на дното на океанот и си останало таму во темнината на длабочините за навек.

Милена Георгиевска

## Цепенков, Гогољ, Достоевски, Гете...

**Фросина, кои автори оставиле силен впечаток, односно извршиле влијание врз Вашето формирање како писателка?**

- Ова, морам да признам, од секогаш ми било доста проблематично прашање затоа што поминале многу години откако читам, а тоа, воедно, значи и многу автори и книги кои што влијаеле на мене. Некои од нив се на листата за второ или трето читање, а таа листа пак, опфаќа многу кои чекаат и прво читање, па кога ќе видите, еден живот е, едноставно, прекраток за да се справите со таа листа. Почнувајќи од детството, ќе нафрлам само неколку имиња без некој посебен редослед кои ми доаѓаат на прва, некои од нив повлијаеле на мене, пред сè како на човек па дури потоа како на автор, а тоа се приказните од Цепенков што ми ги читаше татко ми пред заспивање, па Хаклбери Фин, Том Соер, малечката Фадета, расказите на Гогољ од фантастичниот циклус, германскиот романтизам и расказите на Хофман, Гете со Фауст и страданијата на младиот Вертер, Вилијам Блејк, Едгар Алан По интегрално, Достоевски интегрално на кој се обидувам одвреме-навреме да се навраќам, Ерих Фром – Уметноста на љубовта, Херман Брох со Смртта на Вергилиј, Салман Ружди со Сатански стихови и Децата на полноќта, Џон Фаулс целокупно, а најмногу Волшебникот,



Гинтер Грас со Ламаринениот барабан, Пруст, Ками, Зискинд, Памук, Барико, Маркес, Мишима, Курејши, Гиљермо Мартинес и многу други. Од нашата современа литература би ги издвоила Лидија Димковска и Ермис Лафазановски.

# Времињата се менуваат, идеалите остануваат

## *Празнувајќи го и овој Илинден, сакајќи и почитувајќи ја сопствената татковина, создаваме сигурна и безбедна иднина за нашите идни поколенија*





Илинден е симбол на победата и непокор на македонскиот народ. На Илинден ја славиме и чествуваме борбата за слобода и независност која за прв пат организирано се манифестираше на 2 август 1903 година во Крушево со Крушевската Република. Времињата се менуваат, идеалите остануваат. И по 114 години од Илинденското востание и 73 години од Првото заседание на АСНОМ, две нераскинливи алки од нашиот опстој низ времето, идеалите на илинденците се дел од нашето секојдневие и визија за иднината на Македонија – независност, еднаквост помеѓу народите и почит кон ближниот. Затоа со полно право денес имаме причина за славје и гордост. Празнувајќи го и овој Илинден, сакајќи и почитувајќи ја сопствената татковина, создаваме сигурна и безбедна иднина за нашите идни поколенија.

Со овие зборови претседателот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, Илија Христодулов, во името на организаторот ЗМРХ и МКД „Илинден" од Риека, го започна својот говор на традиционалната централна прослава на најголемиот македонски празник Илинден, која се одржа на 29 јули во Парк шумата „Голубињак", Горски Котар, Општина Локве, под високо покровителство на претседателката на Р. Хрватска, Колинда Грабар-Китаровиќ, Советот за националните малцинства на РХ, Приморско-горанската жупанија, Градот Риека и Општината Локве и во соработка со Советот на МНМ за Град Риека, Советот на МНМ за ПГЖ и МПЦО „Св. цар Константин и царица Елена" од Риека. Воедно, тој го честита и претстојниот празник 5 август, Денот на победата и татковинската благодарност, како и Денот на хрватските бранители.

## Негување на различни култури и наследства

Интонирањето на химните го означи почетокот на прославата, а во службениот дел со пригодни зборови до присутните се обратија претседателот на Советот за националните малцинства на РХ, Александар Толнауер, во името на претседателот на Владата на РХ, Андреј Пленковиќ, Мачеј Качоровски, вршител на должноста при Амбасадата на РМ во РХ, Костадинка Велковска во името на градоначалникот на Град Загреб, Милан Бандиќ, Томе Апостолоски, претседател на











Координацијата на советите и претставниците на македонското национално малцинство во РХ и Тони Штимац во името на началникот на Општина Локве.

– Заштитата на правата на националните малцинства во Р. Хрватска е гарантирана со Уставот, со Уставниот закон за правата на националните малцинства, како и со низа малцински закони на високо ниво, што овозможува интеграција на малцинствата во хрватското општество со својот полн идентитет. Оваа прослава придонесува за негување на различни култури и наследства, за промовирање на пријателство, толеранција и доверба во хрватската заедница, како и за зајакнување на пријателските односи и соработката на Р. Хрватска и Р. Македонија, истакна Толнауер упатувајќи срдечни честитки по повод празникот Илинден.

## Аманетот на илинденците е наша обврска

Како и секоја година, на манифестацијата се собраа Македонци од цела Хрватска заедно да ја прослават традицијата на илинденските генерации, опстојувајќи на вистинските вредности и идентитетски карактеристики. На ова прекрасно место под силното сонце и столетните шумски борови четиристотини збрани луѓе и пријатели од различна национална и верска припадност со македонска песна и оро низ звуците на музичката група „Балканика бенд“ од Крањ, Словенија, со заедничко дружење и народна веселба, и со традиционалниот грав за ручек, го прославија светиот ден Илинден.

Прославувајќи го Илинден, со пиетет се потсетуваме на големиот број револуционери и борци за независна Македонија, кои со својата крв ги испишаа најславните страници од историјата на македонскиот народ. Им благодариме и им оддаваме почит на херојските визии и дела на овие наши предци и на нивниот сон, остварен речиси по еден век. Аманетот на илинденците е наша обврска, да ја чуваме и негуваме традицијата да и го трасираме патот кон подобар напредок и просперитет. Нека е честит и вековит Илинден!

Елизабета Петровска




# Единаесет години на Шолта се учи македонски

*Единаесет години помножени со просечно околу 70-80 деца со македонско потекло од сите краеви на Република Хрватска, а во четири турнуса и со Македончиња од Албанија, Бугарија, Србија и Босна и Херцеговина, даваат една респектабилна бројка од околу 1000 деца кои поминале низ овој проект*





Кога го започнувавме проектот „Рогач-Шолта“ – Летно училиште на македонски јазик во 2007 година, никој од нас во Заедницата на Македонците од Република Хрватска, а особено на нас организаторите и носителите на сите активности од Македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит, не ни паѓаше ни на крај памет дека ќе имаме генерации кои од прво одделение, па до крајот на своето осумгодишно школување ќе ја засакаат Шолта како свој остров, а самото летно училиште ќе го стават во „задолжителниот дел“ на секое свое лето.

## Дружење и учење

Единаесет години помножени со просечно околу 70-80 деца со македонско потекло од сите краеви на Република Хрватска, а во четири турнуса и со Македончиња од Албанија, Бугарија, Србија и Босна и Херцеговина, даваат една респектабилна бројка од околу 1000 деца кои поминале низ овој проект. Да не го истакнуваме самото значење на овој проект за одржувањето на самобитноста и опстојноста на македонското национално малцинство на овие простори и пошироко. Без да сакаме да истакнеме некој од организаторите на овој проект, мораме да спомeнеме некои константи, а тоа се Ангел и Биљана Митревски, Јорго Кремиќ од МКД „Македонија“, Милена Златеска од Пула, Антонија Галиќ од Загреб, Надежда Жампера од Задар и уште многу други кои поминаа низ овој камп, а за крај посебно сакаме да ја истакнеме улогата на учителката Наталија Лековска од Риека, која секоја година









несебично одвојува седум дена од својот летен годишен одмор и го поминува со „своите“ деца на Шолта.

И оваа година група од педесетина деца од сите краеви на Република Хрватска во периодот од крајот на јули до почетокот на август поминаа седум дена во дружење, учење и вонаставни активности за кои сите се сложија дека се феноменални. Освен задолжителниот дел од работната програма (учење на македонскиот јазик и култура, со работилници и сл.), во слободниот дел учениците уживаа во прекрасниот аква-парк во состав на кампот, спортските натпреварувања, а како и секоја година најинтересно беше ноќното капење и традиционалниот маскенбал каде сите беа маскирани во личности од спротивниот пол и сл.

## Спомени од Шолта

Оваа година, по десет години, повторно нè посетија претставниците на Амбасадата на Република Македонија во Р. Хрватска и тоа благодарејќи на вршителот на должноста во Амбасадата, Мачеј Качоровски, кој цел ден помина на средбата со најмладите учесници на кампот. Мислам дека и ова е еден позитивен чекор во грижата за нашите најмлади од страна на нашата Татковина. Се надеваме дека нема да биде и последен.

Она што го оставивме за крај, а што со страв и низ половина грло се прашуваа сите деца е: „Дали е возможно од идната година да ја нема Шолта?“ Изгледа дека на ова прашање никој сега за сега нема да може да даде никаков одговор. Неслужбено, сопствениците на кампот имаат сериозна намера да го продадат истиот, меѓутоа, по сè изгледа дека сепак постојат некои шанси кампот на Шолта да опстане уште година-две. Се поставува прашање: Што по Шолта? Некои би рекле, ништо страшно, а по Шолта, ќе остане Шолта. Ќе остане барем во спомените на сите овие генерации од кои некои деца својот прв контакт со морето го доживеаја овде, на Шолта, својата прва симпатија ја стекнаа на Шолта... Многу спомени, а сепак и малку надеж на крајот дека сепак и догодина ќе се случи Шолта. Дотогаш, довидување.

Биљана Митревски

# Најмладите членови на МКД „Браќа Миладиновци“ на Шолта

Заслужено! Најмладите членови на МКД „Браќа Миладиновци“ заслужено заминаа на 30 јули на Летниот камп во Шолта. Ова патување им беше награда за петките кои ги добија по македонски јазик, кој во ОУ „Вијенац“ во Осиек го учат по моделот Ц. На учениците и на водителката Христина Саркиќ, среќен пат, убаво време и работно-забавен одмор им посакаа учителката Билјана Димески, членот на Управниот одбор на МКД „Браќа Миладиновци“, Иван Черба, претставничката на Македонското национално малцинство на Град Осиек, Јагода Цветичанин, како и екипата на Осиечката телевизија која го сними испраќањето за емисијата „Етникум“.



J. T.

# Мир и слога треба да ги држат сите Македонци

*На 8 септември во Пула беше прославен Денот на независноста на Македонија*



Сплотени Македонците од Истарска жупанија достојно и весело го прославија Денот на независноста на Р. Македонија во просториите на Советот на македонското национално малцинство за Град Пула. По интонирањето на хрватската и македонската химна, присутните ги поздравија со честитки за независноста на нашата татковина претседателите на Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула и Советот на македонското национално малцинство за Град Пула, Тодор Брдарски и Орце Стојкоски, кои меѓу останатото нагласија дека само љубовта, пријателството, мирот и слогата треба да нè држи сите Македонци каде и да сме, да си го чуваме нашето име, писмото и јазикот, нашиот идентитет.

Носталгичната песна Македонија од збирката песни „Огниште“ на авторката Милена Златеска измами и по некоја солза на многубројната публика:

*Како можам да те заборавам*
*татковино моја?*
*Сè што имам,*
*спие во твојата прегратка.*
*Рашири раце!*
*Допри во далечината!*
*Земи ме и мене.*

Тоа се дел од стиховите на песната Македонија, а освен овие зборови, и други милиони кажани и некажани зборови ја кажуваат љубовта кон својата татковина, кон својот дом.

- Човек без идентитет е како дрво без корен, токму затоа треба да пишуваме на своето писмо, на својот јазик, да го изучуваме и пренесуваме на нашите поколенија за да не се заборави. Нашето богатство е преголемо, нашето име е големо запишано во Светото писмо. Драга татковино наша да си вечна, беа зборовите на присутните.

За осамостојувањето и историјата на Република Македонија предавање одржа професорот на Економскиот факултет од Р. Македонија, д-р Љубомир Кекеновски. Тој меѓу останатото рече дека нашата историја е запишана и пренесена со душа и во нашите песни, песната ни го покажува целиот пат на нашите предци, на нашите дедовци и родители, треба да ја негуваме македонската народна песна и да ја пееме каде и да сме. Токму така и оваа вечер заврши со песна и оро, а не беа изоставени ни соло песните на претседателот на МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј“, Тодор Брдарски.

Михаела Златеска

ICC 3D d.o.o.
DEZINFEKCIJA • DEZINSEKCIJA • DERATIZACIJA
Radnička cesta 75 • 10000 Zagreb
tel.: 01/60 40 100 • fax: 01/60 40 103
mob: 091/5251 141
e-mail: icc-3d@icc.hr

Razlika koja se vidi.
Savršeno je moguće.

# Истра – пример на соживот и толеранција во Европа

*Четврта година по ред Истарската жупанија организира Фестивал на мултикултуралноста во Истра. Оваа година настанот се одржуваше на 8 и 9 мај по повод „Денот на Европа“*



Учество во фестивалот зедоа 14 друштва кои ги преставуваа националните заедници на малцинствата во Истарска жупанија. Фестивалот беше одржан во Домот на хрватските бранители во присуство на голем број гости и припадници на националните малцинства, како и заменичката на истарскиот жупан, Гиусепина Рајко и градоначалникот на Пула, Борис Милетиќ.

Аматерските друштва, заедниците и културните друштва на националните малцинства на ниво на Истарска жупанија го покажаа своето културно богатство, дел од својата традиција, своите песни, обичаите и културата на својот народ. Заменичката на жупанот, Рајко, во поздравните зборови истакна дека мултикултуралноста е начин на живот во Истра, наша посебност и наше богатство, кое се потврдува со самиот фестивал.

Градоначалникот на Пула рече дека е среќен што живее во град и регион во кој начинот на живеење е мултикултурален, а нагласи дека треба да бидеме горди на оваа богата разноликост и дека Истра е пример на соживот и толеранција во Европа. Тој додаде дека секој човек, без разлика на вера и национална припадност, на овој простор е битен. Со овие зборови Милетиќ свечено го отвори фестивалот.

Првата вечер на фестивалот беше посветена на програмата „Запознајте го културното богатство на националните малцинства“, каде беа претставени литературни дела, разни изложби на ликовни и уметнички изработки, народни носии, национални јадења и многу други богатства на националните малцинства.

## Богато културно наследство

МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ од Пула зеде учество во сите активности на програмата, беше претставена националната кујна, во која учество зедоа членови на Друштвото со подготовка на разни јадења како што се гравче-тавче, разни пити, кифли, ајвар, макало од пиперки и сирење, раванија, разни колачи, македонски вина и мастика. Потоа, на етно-креативната изложба на членовите на истоимената работилница беа изложени прекрасни работи, осликани прстени за салфети, осликано стакло, дрво, изложена беше стара оригинална носија од мариовскиот крај и др. Во литературниот дел во име на Друштвото „Св. Кирил и Методиј“ настапија Филип Јаневски, Фани Антуновиќ и Ена Грипариќ со песната „Денови“ од Кочо Рацин, ученици од ОУ „Центар“ кои посетуваат настава по македонски јазик и култура по моделот Ц кај Сашка Соломоновска Јаневска, професор. Учениците беа облечени во народна носија, како и Мирослав Димитриевски и Игор Јаневски, кои заедно со Магдалена Златеска ги објаснија сите делови на носијата, со што беше обработена презентацијата на нашата машка и женска носија. По завршувањето на програмата следеше дегустација на македонски вина и мастика.

Настанот продолжи и следниот ден со програма насловена „Со песна и оро низ богатото културно наследство на националните малцинства“ каде учество имаше и МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ со Мешовитиот хор и оркестарот.

За вложениот труд на националните малцинства на Фестивалот беше организиран прием на кој присуствуваа претставниците на аматерските друштва на сите национални малцинства во Истарската жупанија. На приемот беа доделени и благодарници. Во име на Друштвото од Пула, благодарницата ја зеде Магдалена Златеска како најмлад активен и заслужен член на Друштвото. Претседателот Тодор Брдарски ги поздрави присутните, им се заблагодари и накратко ја објасни работата и програмите на Друштвото.

Михаела Златеска

# „Ви посакувам убав ден“



На 17 јуни во просториите на МКД „Илинден“ се одржа проекција на документарниот филм „Ви посакувам убав ден“ од авторите Мирта Матаија и Горан Заборец.

Со краток увод присутните гости ги поздрави нашата членка Гордана Квајо, која е и сама дел од овој интересен документарен филм во кој заедно со фотографката Вишња Болф преку нивните објективи ни ја пренесуваат убавината на Горски Котар. Во филмот учествуваат уште и Дубравко Зима и Ерик Марковиќ од Планинарскиот центар Петеховац, Славица Кљајиќ, омилениот глас на Радио Горски Котар, Миро Плеше, директор на „Радио Горски Котар“ и хокеарите-ветерани од Хокеарскиот клуб Мамут, Делнице.

Филмот е снимен на повеќе локации во градот Делнице, на Петеховац, на потокот Цурак и во просториите на Радио Горски Котар, со што се добива ведра слика за животот во највисокиот хрватски град – Делнице.

„Кога ќе го видиш она што со очи е невидливо, кога ќе помислиш дека тишината зборува со гласот на блискиот пријател, и кога чекорите ќе оставaт белег во сонииштата, твоето секојдневие ќе стане необичен настан“ (Ненад Лучиќ).

Како и на секој настан што се одржува во просториите на МКД „Илинден“ неизбежно е и учеството на членовите на хорот и свирачите кои секогаш ги развеселуваат гостите и придонесуваат за прекрасна атмосфера со изведување на македонски, но и неколку хрватски песни.

Гордана Квајо

# На гости во домот за стари лица „Кантрида“

На 7 јули членовите на Македонското културно друштво „Илинден“ од Риека традиционално ги посетија пензионерите во Домот за стари лица на Кантрида. Во преполната сала беше изведен сплет на македонски, хрватски и италијански песни, а на крајот беше изиграно и македонско оро.

Како и секогаш, членовите на МКД „Илинден“ придонесоа за одлично расположение кај присутните и добија покана што поскоро да се вратат и одново да ги посетат штитениците во Домот за стари лица.

Г. К.



# Свечено одбележан почетокот на наставата по македонски јазик



На 13 септември претставниците на македонското национално малцинство во Приморско-горанската жупанија заедно со членовите на хорот на МКД „Илинден“ и Наталија Лековска, професор, со пригодна културно-уметничка програма официјално го означија почетокот на наставата по македонски јазик.

За средношколците наставата се одржува во Првата хрватска сушачка гимназија, а јубилејно по 10. пат, дополнителната настава по македонски јазик за учениците од основните училишта се одржува во основно училиште Центар.

Досегашните ученици им ги пренесоа своите позитивни искуства на присутните кои беа заинтересирани за македонскиот јазик, култура и обичаи.

Учениците кои посетуваат македонски јазик, по завршувањето на основното и средното образование имаат можност да продолжат со изучувањето на македонскиот јазик и култура на Катедрата за македонски јазик на Филозофскиот факултет во Риека.

Сите повозрасни љубители на македонскиот јазик и култура можат да ја посетат работилницата за „Негување на македонскиот јазик и култура“, која еднаш неделно се одржува во просториите на МКД „Илинден“.

Г. К.

# Етно смотра во Јесеници



Повикани од истоимените пријатели од Јесеници, Словенија, пејачката и фолклорната група при МКД „Илинден“ од Риека на 10 јуни гостуваа на етно смотра на фолклорни групи „11. Kulturni mavrici Jesenic“.

Убавото време најпрво послужи за интересна прошетка низ градот и неговите знаменитости, како и топло добредојде од домаќините со убав ручек во локалниот ресторан каде заеднички се запеаја македонските песни. Облечени во прекрасните живописни носии дефилираа и пееја по улиците на Јесенице, заедно со останатите етно групи: КШД „Хрушица“ – ФС Јулиана, КУД „Триглав“ Словеначки Јаворник – Јеници, албанска младинска група „Шкипоњат“, „Волканцгрупе“ Вилах, АКУД „Коло“ Копер, КФШД „Вук Караџиќ“ Радовљица, МКД „Илинден“ Риека, МКД „Илинден“ Јесенице, Фолклорна група „Вал ресиа“, КУД „Диванхана“ Клагенфурт, КШД „Бошњаков Бисер“ Јесенице.

По дефилето, помалку уморни, но видно задоволни и одушевени од реакциите на граѓаните на Јесенице, следеше генерална проба во големата спортска сала во градот. А потоа, кулминираше главниот настап и претставувањето пред многубројната публика.

Под светлата на рефлекторите и одличниот разглас МКД „Илинден“ се претстави со сплет на стари македонски песни и Пајдушкото оро кои беа поздравени со овации и громогласен аплауз.

Г. К.

## ЛЕТНО УЧИЛИШТЕ ВО ОХРИД





# Запознај ја Македонија, за да ја сакаш повеќе

***Сите заедно уживаа во наставата за продлабочување на познавањето на македонскиот јазик и култура, која се состоеше од два часа дневно, а останатото време го поминуваа во организирани екскурзии, дружење, забава, капење...***

Јазикот е несомнено, културно наследство во кое се обединува духовната и материјалната култура на човекот. Како и претходните години, така и оваа, загрепските ученици од основно и средно училиште што ја посетуваат изборната настава по македонски јазик и култура по моделот Ц, го посетија Летното училиште во Охрид што го организира Агенцијата за иселеништво на РМ во соработка со Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и со Министерството за образование и наука на РМ. Летното училиште се одржа во периодот од 21 до 29 јули во хотелот „Конгресен центар“, с. Коњско. Групата од 24 ученици ја водеа Ивица Ваљак, Мартина Ваљак и Михаела Дретар, а македонски јазик им предаваше професорката Милка Тримчевска.

Средбата на оние кои веќе доаѓале претходните години на Летното училиште секогаш е полна со позитивни емоции. Сите заедно уживаа во наставата за продлабочување на познавањето на македонскиот јазик и култура, која се состоеше од два часа дневно, а останатото време го поминуваа во организирани екскурзии, дружење, забава, капење... Ги посетија манастирот „Св. Наум“ и Музејот на вода – Заливот на коските, Самуиловата тврдина, Плаошник, Античкиот амфитеатар, црквите „Св. Софија“ и „Св. Јован Канео“, стариот Чинар во срцето на Охрид и уште многу други знаменитости што го карактеризираат овој културно-историски град. Посебно интересна беше и прошетката по кејот и во чаршијата каде можеа да се купат секакви сувенири за спомен.

Последната вечер од престојот беше организирана заедничка вечер на терасата на хотелот, каде сите ученици со своите водители низ смеа и радост се забавуваа со песни, рецитали и перформанси, а на крајот и со заедничко оро. На враќање за Загреб групата го посети и Скопје, каде организирано го разгледаа центарот на градот, Старата скопска чаршија, тврдината Кале, Камениот мост, спомен-куќата на Мајка Тереза, шеталиштето на реката Вардар... Турнејата заврши со традиционален ручек на скопски ќебапи и со добро познатиот Хисаров автобус, кој учениците ги врати дома.

Веројатно нема замена за кристалниот охридски воздух кој ги сече сонливите утра покрај езерскиот брег или магичниот пејзаж на Св. Наум кој потсетува на оживеана приказна. Опиени од едноставноста која го краси пределот со аура на мекост и топлина, учениците и годинава поминаа незаборавни летни денови, побогати за уште едно ново искуство, една нова љубов, запознавањето на Македонија и македонскиот јазик.

Е. Петровска







# Студиско патување по Македонија

*Убавината лежи онаму каде што ќе се решите да ја пронајдете*





Убавината на Македонија не се опишува со зборови, туку се доживува. Планини, езера, реки, шуми, полиња, долини, па дури и пустини. Сонце, снег, чист воздух и вкусна храна. Кога ќе ја посетите, срцето засекогаш ќе ви остане заробено од најразличните природни богатства, културно-историските знаменитости, гостољубивоста и срдечноста на луѓето.

Токму затоа, во периодот од 21 до 27 јуни 2017 година, Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб организираше студиско патување по Македонија. Некои за првпат ја посетија, на некои им е тоа родна грутка, но сите подеднакво беа воодушевени од нејзините убавини. Екскурзијата со автобус ги одведе во посета на геолошкиот резерват Кукли-ци во Кратовско, кое со своите скаменети сватови е ремек-дело на природата создадено пред 10 милиони години.

Потоа патот продолжи за Скопје, со прошетка по градот и на планината Водно, каде беше организирана посета на етно комплексот „Македонско село“ и на црквата „Св. Пантелејмон“. Следниот ден групата ја разгледа тврдината Кале, црквата „Св. Спас“, Старата чаршија, Даут пашиниот амам, Музејот на македонската борба, Бит Пазар, спомен-куќата на Мајка Тереза и други знаменитости. Два дена за посета на Скопје се навистина малку, но се најде време и за традиционална македонска вечера со национална музика. На патот за Охрид се посети манастирот „Св. Јован Бигорски“, надалеку познат по својот иконостас, чиј автор е Петре Филипов од селото Гари и Дебарското Езеро.

Манастирот „Св. Наум“ беше следната дестинација. Обиколката низ таа божествена убавина и пловењето со кајче низ изворите на реката Црн Дрим остава незаборавни доживувања. Групата го посети и Музејот на вода – Заливот на коските, Билјанините извори, Плаошник и црквата „Св. Софија“, а разгледувањето на Самуиловата тврдина, заштитниот знак на Охрид, беше авантура за восхит.

На крајот од патувањето групата ги посети античкиот локалитет Хераклеја близу Битола и градот Прилеп. Убавината лежи онаму каде што ќе се решите да ја пронајдете. Преубаво патување и со сигурност ќе остави позитивно искуство кое долго ќе се памети.

Е. Петровска





# Илинден прославен и на сплитска Рива





Во предвечерието на најголемиот македонски верски и државен празник – Илинден, како и секоја година до сега, Македонците и Македонките од македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит ја споделија својата радост со своите сограѓани на сплитската Рива.

Оваа година за оваа општонародна веселба која се организираше во соработка со Туристичката заедница на Град Сплит и Министерството за надворешни и европски работи на Република Хрватска, постоеше навистина голем интерес. Особено што како гости дојдоа членовите на фолклорот на Академијата „Еуроарт“ и вокално инструменталниот состав „Орнаменти“ од Штип, кој го поврзуваат длабоки врски на градови-пријатели со Сплит.

Во богатата програма што ја изведоа „штипјаните“ беа неколку кореографии (Водарки, Пијанец, Копачка, Овчеполка...), како и многуте познати стари македонски народни песни (Јовано, Јованке, Елено ќерко, Битола, мој роден крај).

Целокупната програма траеше повеќе од два часа, а на крајот заврши, како и секоја година, пред бината заедно со бројните туристи и наши сограѓани.

Биљана Митревски

# Илинден ја продлабочи соработката меѓу Сплит и Штип



На самиот 2 август припадниците на македонското национално малцинство во Град Сплит, собрани во Македонското културно друштво „Македонија“, заедно со своите гости од Штип во просториите на Мажураниќево шеталиште 8/А заедно го прославија овој македонски историски ден – Илинден.

Имаа две големи причини за заедничка веселба. Првата која е веќе традиционална е прославата на овој навистина голем празник во историјата на македонскиот народ, кој сплитските Македонци го слават организирано веќе 27 години, а втората причина е успешниот концерт со кој се претставија нивните пријатели-гости од Академијата „Еуроарт“ и вокално инструменталниот состав „Орнаменти“. На почетокот на заедничката прослава, на штипјаните им се заблагодари нивниот „штипјанец“, Ангел Митревски, претседател на Македонското културно друштво „Македонија“, кој истакна дека оваа средба е продолжување на една соработка која постои помеѓу овие градови (Штип и Сплит) веќе четириесетина години.

Од другата страна, се заблагодари директорката на Јавната установа – Библиотека „Гоце Делчев“ од Штип, Милена Ристова-Михајловска, која ја истакна и важноста на оваа соработка и рече дека се надева дека и во иднина ќе организираме заеднички дружења во Сплит и во Штип, за што веднаш ни врачи и покана од штипскиот градоначалник, Илчо Захариев.

Вечерта заврши со староградски песни и дружење до доцна во ноќта.

Биљана Митревски

# „Дервишот и смртта“ во македонска реализација



Со доаѓањето на Игор Киров на местото – директор на Балетот во сплитскиот Хрватски народен театар, многу работи се придвижија во позитивна смисла, пред сѐ, во претставувањето на македонската култура пред сплитската публика.

Така, токму балетот од Сплит ја одигра завршницата на овогодишното „Сплитско лето“, со што се означи крајот на оваа значајна културна манифестација во Сплит. Пред самото свечено затварање, во присуство на хрватскиот премиер, Андреј Пленковиќ, се изведе балетот „Дервишот и смртта“, кој својот сценски живот ќе го продолжи во новата балетна сезона.

По мотивите од истоимениот роман на Меша Селимовиќ, либретото го напиша наградуваниот македонски писател Сашо Димовски, а музиката за претставата е дело на музичарот и композиторот од помладата генерација во Македонија, Горан Бојчевски. Насловната улога на Дервишот му припадна на националниот првак на Балетот на ХНК Загреб, Томислав Петрановиќ.

Игор Киров го постави својот нов балет на темата на спротивставувањето со сопствената душа, односно, се впушти во потрага за човечкото битие. Либретистот Сашо Димоски, младиот македонски театролог, драматург и писател со значаен опус на дела, либретото го реорганизира во девет целини, девет главни сцени преку кои со романескна фабула ги поврзува деветте архетипски патувања на душата и телото – од личниот пекол, преку личното чистилиште до сопствениот рај.

Горан Бојчевски, македонски кларинетист со љубљанска адреса, композитор со импресивен опус во кој ја спојува класичната музика, балетот, џезот и балканската етно музика, главната музика ја водеше на звуците на клавир и гудачки инструменти и специфични источњачки дувачки инструменти.

Новиот балет беше фантастично прифатен од публиката, што беше потврдено со долг аплауз.

Биљана Митревски

# „Чекори“ на Слободанка Гавриловска

На 14 јули во просториите на МКД „Илинден“ во Риека беше одржано отворање на петтата самостојна изложба на Слободанка Гавриловска, членка на ова Друштво. Изложбата беше насловена „Чекори“.

Беа изложени издвоени слики од големиот опус на петнаесетгодишното неуморно творење, што претставува пресек на творештвото од почетоците до денес. Со своето автентично ликовно изразување, авторката чекори низ природата, планините, бреговите... низ животот, оставајќи зад себе неизбришлив траг.

Членовите на хорот на МКД „Илинден“ изведоа неколку песни од родниот град на авторката Охрид, што всушност и претставуваше одлична подлога на нејзиното уметничко срце.

Г. К.







# Ансамбл „Македонија“ на Меѓународната смотра на фолклор во Загреб








Меѓународната смотра на фолклор во Загреб се одржува уште од 1966 година. Овогодишниот 51. Фестивал, од 19 до 23 јули на неколку локации по градот и околината опфати сценски приредби, работилници, изложби и етно концерти, со учество на 20-тина хрватски ансамбли и на десетина кои гостуваа од други различни земји.

Македонија на Смотрата ја претстави истоимениот Ансамбл „Македонија“ од Скопје. Тој како репрезент на македонската традиционална култура твори со студенти од Одделот за етнокореологија при Факултет за музичка уметност од Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, како и со ученици од ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ од насоката за традиционална музика и игра од Скопје. Формиран е пред пет години и е единствен ансамбл во Македонија кој работи со кадар – професионалци, а го раководат стручни лица од областа на традиционалната игра, инструменти и пеење. Уметнички менаџер на ансамблот е Владимир Јаневски, а музички менаџер Тимко Чичаковски. Настапите на Ансамблот претставуваат вистински предизвик за гледачите да запеат и заиграат со нив.





Ансамблот „Македонија“ на Смотрата зеде учество со низа настапи. Со репертоар од градски ора и песни, младите уметници се претставија на отворената сцена на централниот загрепски плоштад Бан Јосип Јелачиќ, пред многубројните граѓани и туристи. Вториот фестивалски ден Ансамблот се претстави со сценските адаптации *Китче ми падна*, *Чангулово*, *Грабиле гу Смиљану девојку*, а на крајот ја воодушеви публиката со извонредната изведба на *Каршијак*.





Особен впечаток кај хрватската и бројната македонска публика остави нивниот целовечерен концерт одржан во концертната сала на Меѓународниот центар за услуги во културата во Травно. На завршниот настап на сцената на Градец посетителите имаа прилика да уживаат во виртуозните традиционални македонски ора и песни, а на крајот и да им се придружат на играорците во заедничко оро.





На 19 јули во Етно арт галеријата на Културниот центар Травно со краток перформанс на Ансамблот беше отворена и изложбата *Македонски народни носии на старите фотографии* на авторот Владимир Јаневски.

Изложбата, која содржеше стари фотографии, оригинални народни носии, накит и украси од разни краеви на Македонија, беше реализирана во соработка со Ансамблот „Македонија“ и под покровителство на Министерството за култура на РХ и Град Загреб, а службено ја отвори претседателот на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, Томе Апостолоски.

Е. Петровска

# Илинденци од Струга и Демир Хисар во Загреб и Велика Горица







На крајот од 15-дневната турнеја по Хрватска и Босна и Херцеговина, настапувајќи во Меѓугорје, Макарска, Ѓаково и Приједор, КУД „Илинден“ од Струга од 12 до 14 јули 2017 година го посети и Загреб на покана од КУД „Франкопан“ – Ремете. Срдечните домаќини, освен што ги угостија Стружаните, во соработка со Туристичката заедница им организираа и прошетка по Хрватско Загорје, посета на Музејот на неандерталци во Крапина и на старото село Кумровец.

Возвратно, Илинденците втората вечер ги почестија домаќините со одличен настап презентирајќи дел од богатото македонско фолклорно наследство пред многубројните посетители и гости, и со тоа ги освоија срцата на присутните кои на крајот од настапот имаа прилика да заиграат со нив македонско оро. Убаво дружење и почеток на едно ново пријателство.







Во организација на ФА „Туропоље“ на *17. Меѓународен фестивал на фолклор* кој се одржа од 7 до 9 јули 2017 година на неколку локации во Велика Горица и на главниот плоштад во Загреб, меѓу бројните учесници од Хрватска, Босна и Херцеговина, Бугарија, Албанија и Литва, по втор пат зеде учество и КУД „Илинден“ од Демир Хисар. Фестивалите од ваков карактер имаат големо значење за запознавање на култури и традиции од различни краеви и земји. Сите ги претставуваат своите песни и танци, годинава под заедничко име, *За душа и срце заедно*.

Илинденците од Демир Хисар прв пат на овој Фестивал настапиле во 2008 година. Претседателот на Друштвото, Љубе Србиновски, рече дека сега настапуваат со друга, помлада постава на играорци. Тој го изрази своето задоволство за учеството на Фестивалот кој гласи за еден од подобрите во Хрватска. На настапите се претстави со неколку кореографии и народни носии од различни краеви на Македонија и беа богато наградени со аплаузи од публиката.

Е. П.

# Дваесетти средби на народи и култури во Подгајци




Во малото питореско место во близината на Доњи Михољац, Подравски Подгајци, до самата граница со Унгарија, оваа година по дваесетти пат беа организирани „Средби на народите и културите“.

Оваа манифестација е во организација на Здружението „Чувари на традициите на хрватските семејни дружини“ и Културно-уметничкото здружение „Напредок“ од Подгајци. На 18 август нашето Друштво го претстави фолклорната секција „Танец“ со „Куманово“ и „Билјана“. Настапивме во рамките на програмата во која учество зедоа и Културно-уметничкото друштво на Хрватите од Република Унгарија и Фолклорното друштво од Италија. Секое од овие друштва пред публиката изнесе дел од својата богата традиција која се пренесува верно од колено на колено. На настанот присуствуваше и градоначалникот на Доњи Михољац, Горан Аладиќ.

J. T.

# Македонците на „Вечера на корбачикот“ во Јелисавац

Под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, Матицата словачка од Јелисавац на 19 август ги организираше „13. Денови на Словаците“ во местото Јелисавац, во близината на Нашице.

Овогодинешните „Денови на Словаците“ имаа подтема: „Вечер на корбачикот“, словачки гастрономски специјалитет направен од сирење. Во богатиот фолклорен дел настапија домаќините СКУС „Иван Брљик Словак“ од Јелисавац, КУД „Мала Горица“, КУД „Петефи Шандор“ Ласлово, СКУС „Фрањо Страпач“ Марковац и МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек со настапот на фолклорната секција „Танец“.

J. T.



# МКД „Браќа Миладиновци“ на Липовљанските средби

Средишната културна манифестација на националните малцинства на Република Хрватска, Липовљанските средби, на 26 август свечено ја отворија со песна, танци и претставување на своите обичаи десет друштва од цела Хрватска, меѓу кои како претставници на македонските обичаи и култура беше МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек.



Настап на „Танец“

Овогодинешните осми по ред Средби, се одржаа под покровителство на претседателката на Република Хрватска, Колинда Грабар Китаровиќ и Град Загреб, и со поддршка на Сисачко-мославачката жупанија.

МКД „Браќа Миладиновци“ се претставија со настапот на фолклорната секција „Танец“, но и со специјалитетите на македонската кујна подготвени од вредните раце на нашите членки.

J. T.

# Копнеж по Македонија

**МКД „Браќа Миладиновци“ организираше пат и настап на членовите на Друштвото на две значајни манифестации во родната Македонија. Но на пат не отидовме сами: со нас беа и нашите пријатели од унгарското КУД „Петефи Шандор“ од Ласлово. Заедно ги посетивме Охрид, Битола и Струга**







*Илинденски денови, Битола*

Силен е тој порив. Да се врати срцето во родната земја, таму каде што, како што би рекол Блаже Конески, солзата потекува врела, каде копнежот в срцето се сети. И оваа, како и минатите години, со истиот порив МКД „Браќа Миладиновци“ организираше пат и настап на членовите на Друштвото на две значајни манифестации во родната Македонија. Но на пат не отидовме сами: со нас беа и нашите пријатели од унгарското КУД „Петефи Шандор“ од Ласлово. Заедно ги посетивме Охрид, Битола и Струга.

Во Битола бевме гости на реномираниот 47. фестивал „Илинденски денови“ кој се одржа на 29 август. Пред бројната публика во прекрасниот простор на античката Хераклеја Линкестис, во името на МКД „Браќа Миладиновци“ настапи нашиот „Танец“, а унгарските бои ги бранеше фолклорната секција на КУД „Петефи Шандор“ од Ласлово. Инаку, на фестивалот своја прилика за претставување на фолклорното богатство на својата земја го имаа и ансамбли од Чиле, Чешка, Словенија, Грција и Македонија. Оваа манифестација е во организација на Центарот за култура – Битола, а се одржува под покровителство на Собранието на Република Македонија и со поддршка на Министерството за култура на Македонија.

На 28 август ја посетивме Струга и родната куќа, спомендомот на браќата Миладиновци, а во Охрид настапивме на 30 август во рамките на Меѓународниот фолклорен фестивал ИФФОМ кој секоја година се одржува во овој град.

Во Охрид на 30 јули имавме можност за уште една убава средба: во посета нашите членови ги прими претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, кој во тоа време престојуваше во летната резиденција „Билјана“ на Охридското Езеро.

Сепак, најубав настан во родната Македонија беше прославата на роденденот на нашата Веселинка, која таму наполни 82 години! Ѝ посакуваме уште многу разиграни и распеани години!

Јулијана Тешија



*Со претседателот на РМ, Ѓорге Иванов*




*Настап на ИФФОМ во Охрид*

# Меѓународна поетска вечер

Уште еден прекрасен настан оваа година го збогати задарското културно лето, а се работи за меѓународната средба на поети во организација на Друштвото на хрватските писатели – огранок Задар, Националната заедница на Бугари во Хрватска и Координацијата на словенската академија за Хрватска. Настанот се одржа на 29 јуни под наслов „Од Црно до Јадранско море“. Со почеток во 20 часот на прекрасната локација на Морските оргуљи во Задар настапија поети, дел од Словенската академија на книжевност и уметности: Елка Њаголова, Надиа Попова, Анжела Димчева, Силвија Бенковиќ, Енерика Бијач, Давор Гргуриќ и Ѓуро Видмаровиќ кој е претседател на Друштвото на хрватските писатели. По повод манифестацијата, се читаа стихови во повеќе градови, а интересно беше да се чујат стихови на бугарски јазик и неговата мелодичност.



На поканата за учество со свое присуство одговорија и членовите на здружението „Ријечи изнад свега“, под водство на Емилија Вучков Мијатовиќ, кои ги споија своите сили во книгата „Glagoljicom ispisana ljubav“ со хуманитарен карактер за борба против ракот.

Од задарските поети на манифестацијата настапија: претседателката на МКД „Билјана“ од Задар, Мирјана Мајиќ, со своја поезија на македонски јазик, потоа Марио Паделин, Емилија Вучков Мијатовиќ, Томислав Мештриќ, Рафаела Божиќ, Ивица Ушљебрка, Ана Бачиќ, Теа Видаиќ и многу други.

Е. К. К.



Јосо Некиќ

# Патриотска поезија во Книн

Манифестацијата „Стијег слободе“ трета година по ред се одржа на Книнската тврдина на 3 август. На оваа поетска манифестација на патриотски песни по трети пат настапи и нашата Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана“ од Задар, која секоја година со задоволство ја чита својата поезија со патриотска тема посветена на Хрватска, нејзината втора татковина.

Манифестацијата ја започна задарскиот огранок на Хрватското книжевно друштво уште во 2015 година, а за цел имаше тоа да прерасне во традиционална манифестација. Оваа година 20 финалисти ги читаа своите патриотски песни на Книнската тврдина. Меѓу одбраните финалисти за читање на своите песни беа Анте Сикириќ, Марин Фузул, Младен Бараба, Саманта Педишиќ, Бранка Млинар, Јосип Хорват, Здравка Мештровиќ и други. Присутните ги поздрави и Јосо Некиќ, професор, поет и раководител на Секторот за воспитание и школство на Град Задар. Комисијата составена од десет книжевници го награди Марин Фузул за најдобра интерпретација на своите стихови, третата награда ѝ припадна на поетесата Јулијана Пленча, втората на најмладата поетеса Саманта Педишиќ, а првата награда се најде во рацете на поетот Анте Сикириќ.

Мирјана Мајиќ и оваа година доби благодарница за својот настап и за придонесот кон патриотската поезија.

Е. К. К.



# И македонски полицајци во странските тимови



Игор Предарски патролираше во Соларис кај Шибеник со колеги од Чешка и Хрватска

Во рамките на проектот „Сигурна туристичка сезона“ и оваа година на Јадранскиот брег во меѓународните полициски тимови беа вклучени и македонски полицајци. Во текот на летниот период – јули и август, тие патролираа и им помагаа на туристите и на нивните домаќини доколку тоа им беше потребно. Така, во Шибенско-книнската жупанија во август го сретнавме македонскиот полицаец Игор Предарски од полициската станица Карпош од Скопје, кој нè запозна со неговиот ангажман во проектот.

Странските полицајци, како што покажало досегашното искуство, се од особена важност првенствено за воспоставување на комуникација на јазикот на странските туристи. Без оружје, но во униформи, странските полицајци заедно со нивните хрватски колеги помагаат во остварување на квалитетна комуникација со туристите, а со тоа и во решавање на можни конфликтни ситуации.

За време на работата тие не ги применуваат полициските овласти, ниту пак преземаат какви било полициски мерки, туку помагаат во превенција на казнени дела, подобрување на безбедноста на сообраќајот, но ги сервисираат и странските гости со потребни информации.

Досега во странските тимови биле вклучени полициски службеници од Германија, Полска, Чешка, Унгарија, Италија, Франција, Македонија, Словачка, Словенија и други земји.

Хрватска од 1994 година континуирано работи на подигнување на безбедноста во текот на туристичката сезона. Во 2006 година се родила идејата за „Полицајци во униформи“, односно проектот познат како „Сигурна туристичка сезона“. Од 2012 година и Македонија се вклучи во овој проект и редовно испраќа свои полицајци преку лето во Хрватска.

Зимска варијанта на проектот „Сигурна туристичка сезона“ од 2013 година почнале да го применуваат австриската и италијанската полиција и на своите популарни скијалишта каде за време на зимската сезона имаат бројни гости од странство во тимовите вклучуваат и странски полицајци.

М. Г.

# Поетско-музичка вечер во Шибеник

Во пријатна летна атмосфера се посложија ред музика, ред стихови, во кои Шибенчаните и гостите на 28 јули уживаа во една прекрасна културна вечер. „Поезија на сакали“ беше насловен Фестивалот на поезија, прв од ваков вид во Шибеник, што го организираше Матица Хрватска, огранок Шибеник. Покрај поети од Шибеник, гости на манифестацијата беа и нивни колеги од Задар, меѓу кои и Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана“ од Задар, веќе позната по свои настапи ширум Хрватска и пошироко.

- Вакви настани за мене се од големо значење, бидејќи ми ги прошируваат хоризонтите на моето поетско творење. Годинава ми е исполнета со доста настапи, што ми претставува и големо задоволство, ни рече Мирјана на скалите на шибенската Горица, местото кое беше преполно со публика за настанот.

Дека на уметноста ѝ требаат нови крилја и дека луѓето им се потребни едни на други и треба да се дружат, покажа токму овој Фестивал на поезијата за кој потпретседателот на Хрватска матица, огранок Шибеник, Миро Вукшиќ, кој ги поздрави присутните, рече дека интенција е



настанот да стане традиционален.

- Во последно време постојано работиме на тоа поезијата да ја вратиме меѓу луѓето, да се дружиме на поетски вечери и да ги поврземе луѓето со сличен сензибилитет, велат организаторите на Фестивалот на поезија во Шибеник. Оттаму додаваат дека нивната замисла со овој настан се покажа како вистински погодок, што го потврди и публиката преку своите аплаузи со кои ги наградуваа поетите. Мирјана Мајиќ настапи со две свои песни.

М. Г.

# Главна награда за „Животот е прекрасен“

***Никола Ристановски е добитник на наградата за најдобра машка, Николина Кујача за најдобра женска улога, а претставата „Животот е прекрасен“ ја освои главната награда на весникот „Вечерњи лист“ за најдобра претстава во целост***



Македонскиот народен театар со претставата *Животот е прекрасен*, работена по драмскиот текст *Самоубиец* од Николај Ердман, а во адаптација и режија на познатиот бугарски режисер Александар Морфов, гостуваше на *41. Денови на сатирата на Фадил Хаџиќ* во Загреб, на 18 јуни 2017 год. во Хрватскиот народен театар. Фестивалот беше отворен на 2 јуни во организација на Сатиричниот театар „Керемпух“. Овогодишната програма беше составена од дела на современи автори и авторски проекти, но и адаптации на класиците. Беа одиграни 6 хрватски претстави, 3 словенски, 2 српски, по една од Македонија, Германија и Црна Гора, и една во српско-црногорско-унгарска копродукција.

*Животот е прекрасен* е претстава што ќе ве расплаче и ќе ве насмее до солзи, во која во фокусот е малиот и обичен човек, неговите желби, стравови и страсти. Извонредно три и пол часовно дело кое се следи без здив. Ликовите ги толкуваа Никола Ристановски, Николина Кујача, Биљана Драгичевиќ-Пројковска, Сашко Коцев, Тања Кочовска, Емил Рубен, Гораст Цветковски, Славиша Кајевски, Никола Ацевски, Александар Ѓорѓиоски, Арна Шијак, Тина Трпкоска и други, а учествуваше и петчлениот оркестар *Раскрши се*.

Преполната сала со силни овации ја награди беспрекорната изведба на претставата, која на крајот од фестивалот по оценка на жири-комисијата во состав: Ливио Бадурина, драмски уметник, Бојана Радовиќ, новинарка и театарска критичарка и Томислав Зајец, драмски писател, се закити со главната награда за најдобра претстава во целост.

Е. П.



# Соживот проткаен со коноп и лен




Сместено во непосредна близина на Драва, Виљево привлекува со својата природна убавина, но и со негувањето на културата и традицијата на овој крај. Така, оваа година, на 20 август беше организирана десеттата смотра на фолклорот „Вреќа ткаена од коноп и лен“ која го одбележува она најтипичното за ова место: вреќата од коноп и лен која е шарена и ткаена со украсен црн и црвен конец со која виљевчани се гордеат и ден денес.

Посебно место во манифестацијата имаат настапите на друштвата кои почнуваат по прошетката низ местото до неговиот центар. Оваа година покрај МКД „Браќа Миладиновци“, на манифестација настапија и КУД „Славонска вила“ од Маријанци-Кунишинци, КУД „Валентиново“ Дубрава-Загреб, КУД „Диковача“ Змијавци, КУД „Ѓерам“ од Виљево, како и друштва од Босна и Херцеговина.

J. Т.

# Поправање на состојбите со јазикот и македонскиот културен идентитет

*Се зафативме со подготовка на законски измени во Законот за употребата на македонскиот јазик кои се веќе во собраниска процедура, со кои ќе го деблокираме процесот за полагање на лекторскиот испит и ќе овозможиме подобри услови за заштита и унапредување на македонскиот јазик во јавната комуникација, наспроти запоставувањето и негрижата за македонскиот јазик од повеќе аспекти што беше карактеристика на претходната власт, вели актуелниот министер за култура на РМ, Роберт Алаѓозовски*




– Јазикот и нашиот културен идентитет се наши врвни приоритети. Подготвивме иницијативи со кои ја прекинуваме долгогодишната негрижа и овозможуваме услови за поправање на состојбите. Веднаш се зафативме со подготовка на законски измени во Законот за употребата на македонскиот јазик кои се веќе во собраниска процедура, со кои ќе го деблокираме процесот за полагање на лекторскиот испит и ќе овозможиме подобри услови за заштита и унапредување на македонскиот јазик во јавната комуникација, наспроти запоставувањето и негрижата за македонскиот јазик од повеќе аспекти што беше карактеристика на претходната власт. Освен тоа, Владата неодамна донесе одлука со пакет од 11 предлог-мерки што ги подготвувавме во овој период, а кои се само дел од нашите активности со кои постојано ќе ја подобруваме состојбата во оваа сфера.

Со овие зборови, меѓу другото, се обрати до јавноста министерот за култура на РМ, Роберт Алаѓозовски, за преземените активности и она што е сторено во областа на културата во првите 100 дена од мандатот на новата Влада.

Натаму тој наведе дека во наведениот период меѓу врвните приоритети била и заштита на бесценетото културно наследство. Следува заложба културата да се отвори за сите, без оглед на припадноста. Со конкурсот за Новиот културен бран со скромни средства се организирани над стотина културно-уметнички настани ширум земјата со цел да заживее независната културна сцена. Она што е карактеристично за манифестацијата е тоа што освен општините, можеа да конкурираат невладиниот и граѓанскиот сектор, независни продукции, поединци и групи уметници.

- Ги отворивме вратите на пријателство во регионот и пошироко, ја зголемуваме меѓународната културна соработка, вели министерот и додава дека излобирале и добиле консензуална поддршка од сите 16 земји – членки на Иницијативата „16+1" за соработка меѓу земјите од Југоисточна Европа и НР Кина за идеја Центарот за културна соработка на Иницијативата да биде востановен во Скопје.

М. Г.

# Молитви до Богородица за здравје и среќа

## *Празникот посветен на Голема Богородица прославен во „Св. Јоаким Осоговски“ во Пула*





Како и секоја година, и оваа Пресвета Богородица и Денот на Македонската православна црковна општина „Св. Јоаким Осоговски“ од Пула беа достојно и свечено одбележани од страна на верниците и пријателите кои секоја година присуствуваат на Богослужбата од цела Истарска жупанија и работните тела на МПЦО на 27 август во црквата „Св. Фрањо“ во Пула.

Светата литургија ја предводеше парохискиот свештеник на Македонската православна црква во Р. Хрватска, протопрезвитер Кирко Велински. Многубројните верници се молеа заедно со нашиот отец за здравје и среќа, за што поголема љубов, мир и слога, за дар и бериќет и радосен живот како во семејството, така и помеѓу сите пријатели и сите верници на нашата црква. По честитките и поздравните зборови, отец Велински им се заблагодари на членовите на работните тела и на претседателот на МПЦО, Ратко Златески, за успешното работење во црквата, а упати и благодарни зборови до сите кои придонесуваат во работата на истата, но, и за сите донации кои се дадени за изградба на македонскиот храм во Загреб. Доста верници и оваа година се исповедаа и причестија пред нашиот молитвеник.

Беше благословен и Савскиот колач од кумовите Зоран, Љубинка, Антонио, Ангела и Андреа Петровски од Пореч, кои ја имаа таа чест за оваа година да бидат кумови по повод Денот на МПЦО „Св. Јоаким Осоговски“. За наредната година кумството го презеде семејството Јаневски – Игор, Сашка, Филип и Михаел.

Не изостана ни молитвата за учениците и студентите кои и оваа година ги имаше во поголем број. Свеченоста и дружењето продолжи во просториите на Советот на македонското национално малцинство за Град Пула, каде беше благословена Трпезата на љубовта подготвена од кумовите Петровски и нашите верници. Секоја година имаме и лицитација која не изостана ни оваа година, се лицитираа подарените работи и предмети за здравје во нашата црква. Присутните се натпреваруваа кој повеќе ќе плати. Со овој традиционален обичај заврши и дружењето во весела и добра атмосфера, преполна со позитивна енергија.

Михаела Златеска



# Молебен за успех во новата учебна година

„*Без мене не можете да направите ништо*“ вели Словото Божјо, па затоа и оваа година во македонските православни црковни општини „Св. Злата Мегленска“ во Загреб и „Св. Јоаким Осоговски“ во Пула на почетокот на новата учебна година на Божествена Литургија на која присуствуваат ученици, студенти, професори, се извршува чинот призив на Светиот Дух.

Овој чин се извршува за просветување и очистување на срцата и умовите на учениците, за да можат преку школскиот живот и со Божја помош да ја совладаат материјата која им се предава, да бидат внимателни, послушни, вредни, трудољубиви... а сè со цел, кога ќе пораснат да бидат изградени личности со морални вредности, за радост на родителите и од корист на општеството.

Нека е честито и благословен почетокот на новата учебна година. Амин!

# Успение на Пресвета Богородица – Голема Богородица

На 28 август во Македонската православна црковна општина „Св. Злата Мегленска“ во Загреб молитвено и свечено се одбележа денот посветен на Успението на Пресвета Богородица. На Светата Литургија присуствуваше и министер советникот во Амбасадата на Република Македонија во Загреб, Горан Бојковски. Пред многубројниот народ, парохискиот свештеник Кирко Велински се обрати со зборовите: „Од Светото писмо знаеме дека на крајот на светот ќе бидат ново небо и нова земја (Откр. 21, 1). Не се вели, нема да постои земја и небо, туку ќе бидат нови. Не е речено дека нема да постои никакво материјално опкружување на човековиот живот, туку, речено е дека ќе биде ново небо и нова земја. Св. Дева Марија со телото е вознесена на небото, а преку тоа ни сведочи дека со силата Божја она што е неразбирливо за нас во материјалниот свет ќе биде способно да се преобрази во идниот век, односно, во царството небесно.



Светата мајка Божја, како небесна царица, како онаа што Го родила Господа Исуса Христа, има најголема сила и моќ да го разбере човечкиот род. Да ги разбере сите страдања, болести и непријатности. Како што секоја мајка најдобро го разбира своето дете и која знае каква потреба има нејзиното дете, така, и нашата семајка најдобро нè разбира. Но, не само што нè разбира, туку, подготвена е да содејствува и да моли милост пред нејзиниот Син и нашиот Спасител Господ Христос. Нема ни еден светител, ни еден ангел и архангел кој може така да нè разбере и целосно да нè сфати, како што може мајката Божја.

Да се обратиме со искрена молитва кон Пресвета Богородица. Таа да биде наша покровителка, патеводителка, заштитничка и да ходатаи пред престолот на Севишниот. Да ни ја утврди нашата православна вера. Да ни ја умножи љубовта христијанска. Да ни ја зацврсти надежта, па да одиме по вистинскиот Христов пат, којшто е тежок и трнлив, но единствен кој води во царството небесно. По молитвите на св. Богородица, така нека биде. Амин!“

# Поставена втората плоча на МПЦ во Загреб



По застапништвото на Светата великомаченица Злата Мегленска, милоста Божја и донациите од сите благочестиви луѓе, поставена е и втората плоча на првата Македонска православна црква во Загреб – Република Хрватска.

Да се сплотиме уште повеќе браќа и сестри, оваа куќа на радоста со мудрост да ја изградиме, со разум да ја зацврстиме и со секакви добра и скапоцености умешно да ја исполниме. Да погледне Господ на делата на нашите раце, да ги благослови сите градители и нивниот труд, и да се зарадува заедно со нас за ова Негово вечно пребивалиште.

Отец Кирко Велински



# ПРИДАВКИ (АДЈЕКТИВИ)
## (втор дел)

Според значењето, а и според некои посебни граматички карактеристики, придавките се делат на четири основни групи: **описни (квалитативни), односни (релативни), бројни** и **заменски**. Во рамките на овие групи се изделуваат и подгрупи.

Описните придавки означуваат такви својства на предметите што произлегуваат од самите нив, што се нивно внатрешно својство. Овие придавки одговараат на прашањето **каков** е некој или нешто; со нив се опишуваат предметите и појавите.

Со овие придавки најчесто се означуваат: димензии (*голем, долг, ситен, широк*), вкус (*горчлив, кисел, лут, сладок, солен*), боја (*зелен, син, црн*), физички и хемиски својства (*кршлив, мазен, отпорен, растворлив, тврд*), карактеристики на личност (*дрзок, мрзелив, способен, умен, храбар*) и др.

Со односните придавки се означува признак на предметот што не произлегува од самиот него, туку од односот со некој друг предмет, во смисла на неговото потекло, припадност, намена и сл.: ***дрвена** врата, **галичко** сирење, **превозно** средство, **татков** дом.*

Во односните придавки најголем е бројот на материјалните (***волнени** чорапи, **дрвена** клупа, **сламен** покрив, **стаклена** чаша*) и присвојните придавки (***градска** библиотека, **работнички** дом, **татков** пријател*).

Бројните придавки се образуваат од броевите, а означуваат однос на некои предмети по ред или умноженост (*втор, двоен, петти, стоти, четворен*).

Заменските придавки можат да бидат: присвојни (*мој, твој, ваш, нивни*), количествени (*онолкав, толкав*), квалитативни (*ваков, онаков, таков*), прашални (*каков, колкав*), општи (*секаков*), неопределени (*некаков*) и др.

Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик

(Според *„Кратка македонска граматика“*, 25 октомври 1944)

# Песни на Уна

Од 8 до 10 август оваа година се одржаа Вторите меѓународни средби на автори на реката Уна, чиј идеен зачетник е Рефика Дедиќ. Организатор на манифестацијата беше здружението „Ријечи са Уне“, под водство на Рефика Дедиќ и Цехва Хавиќ Алагиќ. Оваа година на настанот беа присутни повеќе од 70 учесници од целиот регион, а од Задар беше поканета и Мирјана Мајиќ, претседателка на Македонското културно друштво „Билјана“, која се претстави со неколку свои песни.

Се читаа стихови со најразлични теми кои предизвикаа различни емоции кај присутните. Во склоп на манифестацијата гостите имаа прилика да ги разгледаат Бихаќ, Острожац и Цазин, како и разгледување на убавините на Уна. Гостите имаа можност да вкусат традиционални босански специјалитети и да испијат вистинско турско кафе. За учеството на оваа манифестација, Мирјана Мајиќ доби благодарница, една од многуте во нејзината кариера како поетеса.

Е. К. К.



# Ервехе – книга за една мајка

*Со објавувањето на преводот на романот „Ервехе“ од загрепскиот издавач „TIM press“, по долги 17 години конечно продолжува балканската сага на Старова во Хрватска*




На 29 јуни 2017 година во градската библиотека „Богдан Огризовиќ“ во Загреб се одржа промоција на романот на Луан Старова *Ервехе – книга за една мајка,* во превод на Жељка Демниева од македонски јазик. За делото говореа уредникот Хашим Бахтијари, новинарот и книжевник Миљенко Јерговиќ, како и авторот, а извадоци од романот читаше спикерката на Хрватското радио, сега во пензија, Влатка Бјеговиќ. Ова е втор роман од циклусот „Балканска сага“ на Старова, кој се објавува на хрватски јазик.

Уредникот Бахтијари истакна дека со објавувањето на преводот на романот *Ервехе* од загрепскиот издавач „TIM press“, по долги 17 години конечно продолжува балканската сага на Старова во Хрватска. Првиот роман *Времето на козите*, беше објавен во издание на „Знање“ во Загреб во 2000 година, во превод на Мате Марас. Овие два романа на познатиот албанско-македонски академик се воедно единствени негови дела преведени на хрватски јазик. Јерговиќ меѓу другото, рече дека Старова се појавува на книжевната сцена во 60-тите години на минатиот век. Пишува на македонски, албански и француски јазик, а неговите дела се преведени на дваесетина јазици во Европа и светот.

На промоцијата беа и претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, академик Таки Фити и главниот секретар на Хрватската академија на науките и уметностите, академик Павао Рудан.

## Приказна за прогонство

Романот *Ервехе* е осми роман од циклусот „Балканска сага“ на Старова. Тоа е лирска и медитативна, но епски продолжена потресна приказна за прогонство кое се протега низ неколку генерации и трајно го одбележува животот на едно семејство. Главен лик е Ервехе, мајката на авторот. Низ модерна, наративна постапка, авторот го издигнува ликот на мајката, нејзината храброст и пожртвуваност во еден бурен период на балканската историја, создавајќи архетип на балканска жена и мајка.



Академик Луан Старова е раскажувач, романсиер, поет, есеист, литературен критичар и научник. Роден е во 1941 година во Поградец (Албанија). Завршил Филолошки факултет во Скопје, а магистрирал и докторирал во Загреб од областа на француската и компаративната книжевност. Работи како универзитетски професор и дипломат. Автор е на дваесетина книги за кои има добиено врвни книжевни признанија, а носител е и на странски одликувања. Член е на Европската академија, заменик претседател на МАНУ, член на Медитеранската академија од Неапол, почесен член на Албанската академија на науките, како и член на научното друштво „Лајбниц“ од Берлин.

Елизабета Петровска

# Божилак на исконот





Во организација на Македонско-хрватското здружение за промовирање на културните вредности и врски *Спектрум*, на 5 јуни 2017 година во библиотеката „Аугуст Цесарец“ во Загреб се одржа промоција на збирката поезија *Божилак на исконот* од младиот македонски поет Филип Димкоски. На промоцијата беа претставени македонското, српското и бугарското издание на стихозбирката.

Гостите ги поздрави претседателката на *Спектрум*, Славица Коретиќ, а модератори на настанот беа проф. Инес Цебовиќ и Антониа Рагуж. Песната *И каменот има душа* беше препеана и рецитирана од студентите при Филозофскиот факултет на дури десет јазици – македонски, хрватски, српски, руски, украински, полски, чешки, словачки, словенечки и бугарски. За музичкиот интермецо беше задолжен Матија Фрдеља, кој убавиот поетски збор го освежи со звуци на гитара. Промоцијата ја проследија и министер-советникот при Амбасадата на РМ во РХ, Горан Бојковски, проф. Ивица Баковиќ од Филозофскиот факултет, секретарот на Заедницата на Македонците во РХ, Елизабета Петровска и други.

*Божилак на исконот* е втора стихозбирка на Димкоски. За неа тој го доби признанието „Вознес 2014“ во Битола. Неговата поезија е преведувана на англиски, грчки, бугарски, хрватски, српски и словенечки јазик. Добитник е на повеќе признанија и награди меѓу кои се: „Млада Струга“ на Струшките вечери на поезијата, „Најталентиран млад учесник“ на Мелничките вечери на поезија во Бугарија, „Јанош Сивери“ и „Станислав Препрек“ во Србија.

Ден пред промоцијата во организација на проф. Инес Цебовиќ, во загрепскиот парк Бундек Димкоски одржа час во природа со студентите од Филозофскиот факултет кои учат македонски јазик. Се рецитираше негова и поезија од Петре М. Андреевски, Гане Тодровски, Блаже Конески и Јован Котески. Гости на часот беа и студенти од Катедрата по словенечки јазик, па се рецитираше и поезија на словенечки јазик.

Е. Петровска

20 godina sa Vama
AMPER SERVIS
Cvjetna 6, 10370 Dugo Selo
Ispostava: Čulinečka 52, 10000 Zagreb
Instalacije inteligentnih sustava-pametne kuće
Automatizacija, upravljanje i nadzor instalacija u građevinama
Izrada tehničkih riješenja instalacija
*Elektroinstalacije jake i slabe struje *Centralno i podno grijanje *Ventilacija i klimatizacija *Vodovod i odvodnja *Gips kartonski radovi *Elektrostatički podovi *Automatska zaljevanja *Centralno usisavanje *PVC stolarija, inox i crna bravarija
Tel.: 01/2913-194, tel/fax. 01/2913-188, mob.: 0912230 077, 091 4771 777
E-mail:amper-servis@zg.t-com.hr
Direktor : Jonče Ilievski

# Вкусовите на Македонија

## Гужвана пита со сирење и семки



**Потребно е:** 500 г тенки кори за пита, 500 г кравјо сирење, по 30 г семки од сончоглед, тиква, ленено семе и сусам, 6 јајца, 2 дл јогурт, 2 дл кисела вода, 1,5 дл масло, 1 лажичка сол.

**Подготовка:** Во оклугла тепсија бр. 26 или 28 премачкана со масло се ставаат 2 две кори на дното. Посебно се матат 5 јајца, се додава ситно издробено сирење помешано со семки, 1 дл масло, кисела вода, јогурт и сол. Една по една кора се натопуваат во смесата и благо се гужваат со рака. Се редат растресено во вид на ружи и убаво се распоредуваат во тепсијата во круг. Остатокот од филот се прелива преку корите. На крајот се прекриваат со две кори и питата се сече на коцки. Се мати 1 јајце со остатокот од маслото, се додава сол и со оваа смеса се прелива питата. Се пече во претходно загреана рерна на 200 степени 30-40 минути додека убаво не порумени. По печењето, питата повторно се засекува по претходните засеци, се прска со кисела вода и се покрива со крпа да омекне.

## Посна турлитава



**Потребно е:** 2 млади кромиди, 3 зелени пиперки, 2 средно големи компири, 2 моркова, 150 г грашак, 2 млади лукчиња, 1 млада тиквичка, 1 поголем излупен домат, 1 филџан за кафе ориз, 1 китка магдонос, масло, црн пипер, сол, вегета, триена сол, буковец, црвен пипер.

**Подготовка:** Зеленчукот се мие и крупно се сечка на коцки. Во подлабок сад на загреано масло се пржи зеленчукот на тивок оган, кој се става постепено по наведениот редослед. Потоа се додава 500 мл вода и смесата се динста додека сите продукти не омекнат. На крај се додаваат исечканиот магдонос и сите зачини, добро се промешува и се трга од ринглата. Готовата смеса се префрла во тава за печење, се додава 1 чаша вода и се пече во претходно загреана рерна на 200 степени околу 15 минути или додека водата не испари.

## Ванилици со џем и ореви



**Потребно е:** 500 г бело брашно, 200 г свинска маст, 2 јајца, 4 лажици шеќер, 1 ванилин шеќер, 100 г мелени ореви и 50 г јатки од ореви, џем по желба, рендана кора од 1 лимон, 100 г шеќер во прав. За стасување: 1 коцка квасец, 150 мл млако млеко, 1 лажичка шеќер и 1 лажица брашно.

**Подготовка:** Во сад се ставаат брашното и маста и убаво се месат. Се додава стасаниот квасец, јајцата, шеќерот, ванилата, мелените ореви и рендаканата кора од лимон. Од сето ова се меси мазно тесто кое се дели на 6-8 топки. Секоја топка се расукува како округла плоча и се сече на 6 триаголници. На секој триаголник се става по една лажичка џем и јатка од орев, па се витка од пошироката кон потесната страна како кифличка. Вака приготвените ванилици се редат во претходно со масло подмачкан плех и се оставаат да стасуваат 20 минути. Потоа се печат во претходно загреана рерна на 200 степени 20-25 минути додека не поруменат. Уште топли, ванилиците се валкаат во шеќер во прав.

Е. Петровска




# ДУВАЛО – ПРИРОДЕН ГЕОЛОШКИ ФЕНОМЕН

На 7 км од Охрид на патот кон Битола, над селото Косел на надморска височина од 740 м се наоѓа природниот геолошки феномен наречен Дувало. Општината Охрид на оваа појава ѝ дала статус на природна реткост. Слични појави во Македонија има на некои ридови во Кумановско-кратовскиот регион, на планината Кожуф на две места, од кавадаречка и од гевгелиска страна и во Кратовско-злетовскиот регион кај селата Бели и Плешница.

За постанокот на Дувало има две теории. Иако активната поствулканска појава се смета за последен „жив вулкан“ на Балканот, всушност не може да се тврди со сигурност од кога постои и дали некогаш бил активен вулкан, бидејќи немало излевање на магма на површината. Од научен аспект пак, станува збор за неколку раседни пукнатини или минијатурни кратери, најголемиот со пречник од 50 см и длабочина од 30 см, од чии отвори избиваат гасови на јаглероден диоксид и сулфуроводород, па експертите велат дека оваа појава во исто време е и мофета и сулфатара.

Гасовите и пареата предизвикуваат да се шири невообичаена, непријатна миризба на расипано јајце. Интензитетот на миризбата зависи од концентрацијата на испарувањата и од временските услови. Во сушни периоди шишти и миризбата е појака, а во дождовни се слуша подмолно клокотење. Во мај 2014 г. имаше и зголемена активност со густ чад, но утврдено е дека нема никаква сеизмичка активност и дека се работи за природна појава после обилни врнежи и тектонски поместувања кои тогаш го погодија регионот. Сепак, серијата земјотреси во Охрид и околината неодамна отворија уште неколку нови дувала.

Мештаните говорат дека Дувало е дел од раседот на вулканот Везув со кој е поврзан под Јадранското Море и дека на оваа линија е и Косоврасти кај Дебарски бањи чии топли и лековити води ја имаат истата карактеристична миризба. Тие се навикнати на таа миризба од која нема штета, освен за апаратите со бакарни жици кои мошне бргу 'рѓосуваат. За сулфурот велат дека е лековит и дека помага за разни видови болести, но во поголеми концентрации е и отровен – секое животно што престојува подолго време кај Дувало умира, а грутка бел сулфур уништува секаков вид инсекти, особено лебарки и тафтабити.

Името на селото Косел според една легенда доаѓа од зборот што на турски значи сулфур. Во Османлиско време од оваа сулфурна земја се преработувал барут, пред Илинденското востание трговци од Солун го снабдувале за изработка на експлозив, па дури и Римјаните го користеле за правење на вид кибрити. Феноменот Дувало секако има потенцијал да стане своевидна туристичка атракција за гостите кои го посетуваат овој крај.

Е. Петровска